**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВИНИЦА**
**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, ЗЖС, Комунални дејности и ЛЕР**

БР.11 – 289/4
од 08.07.2024 год.
Виница

Градоначалникот на Општина Виница, решавајќи по барањето на **ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија**, во Општина Виница со технички бр. **148/2023** заверено под број 11-289 од 10.06.2024 година, за одобрување на планската програма, врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20), го издава следното:

# РЕШЕНИЕ

Се одобрува **Планска програма, со технички број 148/2023** од **Јули 2024 година** изработена од ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија - Скопје, за изработка на Урбанистички план вон населено место за повеќенаменски комплекс во м.в. Скараница, КО Блатец, Општина Виница.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија - Скопје, поднесе барање за одобрување на **Планска програма,** со технички бр. **148/2023** заверено под број 11-289 од 10.06.2024 година изработена од ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија - Скопје, за изработка на **Урбанистички план вон населено место за повеќенаменски комплекс во м.в. Скараница, КО Блатец, Општина Виница**.

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Планска програма (pdf)

2. Планска програма (dwg)

3.Услови за планирање на просторот

4.Ажурирана геодетска подлога

5.Полномошно

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Виница со Решение бр. 03-230 од 24.02.2022 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Планската програма може да се одобри. Истото го потврди со Предлог одобрување со бр. 11-289/3 од 03.07.2024 година.

Градоначалникот на општината Виница по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20). Врз основа на тоа, а согласно член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение, барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од обласа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

Mile Petkov

Digitally signed by Mile Petkov
Date: 2024.07.08 13:33:48 +02'00'